КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр. 04-518/11
11.06.2025г.

Врз основа на член 77-ж став 1 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 23 став 2 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.167/15 - преч.текст, 27/16 и 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21и 111/23), како и член 8 и 9 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-688/1 од 19.06.2018 година, и неговата измена бр.01-429/1 од 16.05.2025 година, а согласно Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.04-518/10 од 10.06.2025 година донесувам

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на работник за обезбедување**

1. За извршител на работната позиција работник за обезбедување, со шифра на работно место КУЛ 04 02 А01 001, се избира кандидатот

    - Игор Ќосовски

2. По конечноста на Одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатот, да се објави на Огласна табла и на веб страницата на Кинотека.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Годишниот план за вработување на НУ Кинотека на РСМ за 2025 година, бр. 04-587/1 од 15.08.2024 година, како и согласно Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на (1) работник за обезбедување на неопределено време,бр.19-4639/2 од 12.05.2025 година (наш бр. 04-192/2 од 13.05.2025 година), како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-688/1 од 19.06.2018 година, и неговата измена бр.01-429/1 од 16.05.2025 година, НУ Кинотека на Република Северна Македонија – Скопје, објави оглас за вработување на работник за обезбедување, на неопределено време. На Јавниот оглас за вработување на 1 (еден) работник за обезбедување, се пријави 1 (еден) кандидат. Врз основа на номинирани членови од Министерство за култура и туризам бр. 35-5518/2 од 02.06.2025 година, директорот

на НУ Кинотека донесе Решение за формирање на комисија за вработување со бр. 05-502/10 од 02.06.2025 година, која изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас за што состави Записник бр.04-518/10 од 10.06.2025 година. Од записникот од спроведената административна селекција Комисијата утврди дека кандидатот ги исполнува условите за работното место и поради истото предлага истиот да биде избран за вршење на работните задачи на соодветното работно место.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Кинотека, во рок од 8 (осум) дена, по нејзиниот прием.

**Директор**
Бошко Грујоски

Доставено до:
- Именуваниот
- Досие
- Огласна табла
- Архива